РАКОМЕТНА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
MAZEDONISCHE HANDBALL FEDERATION
MACEDONIAN HANDBALL FEDERATION

РАКОМЕТНА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-19/1
21.01 2025 год.
СКОПЈЕ

Согласно барањето од ДСУ „ Спортска Академија "-Скопје, Ракометна Федерација на Македонија врз основа на член 15 од Законот за спортска академија и одредбите од Правилникот за посебните критериуми за тренер на ученици во спортска академија распишува :

**К О Н К У Р С**

За избор на стручни лица, тренери во ДСУ Спортска Академија за учебна 2024/2025 година, заклучно 31.12.2025 година.

Скопје: 10 стручни лица- тренери и 2 физиотерапевти

Кандидатите за тренери треба да ги исполнуваат општите и посебните критериуми за тренери на ученици во паралелките за ракомет во Спортска академија :

- да има завршено најмалку више образование (над VI В степен) во областа на спортот,
- стекнато лиценци добиени и признаени од соодветна меѓународна спортска асоцијација,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- да поседува стручни и професионални знаења во струката, при што се зема во предвид задолжително поседување на меѓународни сертификати,
- да поседува трета категорија евидентирана во Здружението на ракометни тренери на Македонија согласно РИНЦК Конвенцијата за меѓусебно признавање на стандарди и сертификати во областа на образованието на тренерите за ракомет во Европа,
- да поседува потврда за најмалку две години клупска работа во соодветната категорија за кој е кандидат во последните пет години или најмалку десет години работа во Ракометната репрезентација на Македонија,
- да поседува потврда за минимум пет години работен стаж како тренер,
- да поседува комуникациски, организациски и менаџерски способности, како и способности за пренесување на знаења и вештини и
- да има постигнати резултати во неговата професионална кариера, односно освоено првенство, куп или настап во евро куповите.

Физиотерапевт треба да ги исполнува следниве услови:

- да има завршено најмалку вишо образование за физиотерапевт и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Предност при избор за тренер имаат кандидатите кои познаваат најмалку еден светски јазик, што се утврдува преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението АЛТЕ на европски тестатори или уверение од меѓународна институција на А2 ниво на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

Покрај потребните документи, секој од кандидатите треба да достави и програма за работа и план за натпреварување за соодветната селекција за која се пријавува како стручно лице.

Конкурсот трае заклучно со 03.02.2025 год.

РАКОМЕТНА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

РАКОМЕТНА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Бул. Кузман Јосифовски Питу 15, 1000 Скопје
Bul. Kuzman Josifovski Pitu 15, 1000 Skopje
e-mail: handball@macedoniahandball.com.mk
www.macedoniahandball.com.mk
Тел: +389 2 2464444
+389 2 2464000